08 - 1311/22
15-06-2021

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 и член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 49-тата седница одржана на ден 07.06.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на _____________, претседател на Основен суд ____________, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-1311/1 од 22.02.2020 година.

Предметот со број 08-1311/1 од 22.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-1311/1 од 22.02.2020 година е оформен по сопствена иницијатива, согаслно Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2020 година.

Во согласност со Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2020 година, ДКСК оформи предмет за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ______________, претседател на Основен суд __________.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба, за имотот на _________ и за имотот на членовите на нејзиното семејство прибави податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Во постапувањето по предметот ДКСК конснатира дека од страна на именуваната не е доставен анкетен лист во законски предвидениот рок по престанокот на функцијата Претседател на Основниот суд __________, како и по изборот на функцијата ВД претседател Основниот суд __________, поради што од страна на

ДКСК беа издадени и на именуваната и беа доставени прекршочен платен налог број 08-1311/16 од 22.12.2020 година и прекршочен платен налог број 08-1311/19 од 22.12.2020 година.

Од страна на именуваната е постапено по прекршочните платни налози, односно е платена половина од глобата утврдена во прекршочните платни налози.

ДКСК, по разгледување на прибавените податоци од надлежните институции и нивниото споредување со податоците од анкетниот лист на ______________ констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: Б.С., виш соработник

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**